

Програма
1. C.M von Weber - Conncertino for Clarinet and Piano
2. L.Perminov – Balada
3. C. Saint Saens – Sonate
- I Allegretto
- II Allegro animato
- III Lento
- IV Molto allegro
4. J. Moqwet – Solo de concours

06.07.2022 (среда)
НУЦК "Антон Панов" Фојја Струмица
Почеток 20:00 часот

Ангеле Михајловски - пијано

Роден е 1982 година, основното музичко училиште го завршил во родниот град Охрид, а средното музичко образование го продолжува во Штип во класата на проф. Јасминка Бикова. Студиите ги продолжува на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. Стела Слејанска, период во кој се стекнува со огромно пијанистичко искуство, земајќи учество на повеќе државни и меѓународни натпревари каде освојува вредни награди. Веднаш по дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште во Штип, но и продолжува со магистерските студии исто така под менторство на проф. Слејанска и во 2010 година успешно ги завршува. За време на студиите, а и подоцна, бележи бројни солистички и камерни концерти во Македонија, но и во други држави како Србија, Бугарија, Чешка, Франција, САД итн. Од 2010 година е член на музичкиот состав „Портал" со кој успешно реализираат повеќе проекти и концерти. Од 2007 година Ангеле Михајловски е вработен на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде работи како професор по пијано. Во 2019 година ги завршува докторските студии по Пијано под менторство на проф. д-р Викторија Коларовска - Гмирја и проф. д-р Ана Гацева, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од септември 2017 година е организациски раководител на дувачкиот оркестар Проарт од Штип, со кој реализираат бројни концертни активности на важни настани и фестивали. Од октомври 2019 година е избран за продекан на Музичката академија при УГД - Штип.

Иле Колев - кларинет

Иле Колев е Роден 1986 год. во Штип, Р.Македонија. Средно музичко училиште завршува во класата на проф. Раде Стојчев, а понатамошното образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје отсек кларинет, каде што дипломира во класата на проф. м-р Иван Кочаров, а магистрира во класата на проф. м-р Стојан Димов. Своето образование го надоградува со посета и учество на семинари кај познати педагози од државата и странство како што се Николас Балдеру, Боби Јоцов, Цасти О'Дил, Огњен Попович, Пјер Генисон, Ромуалд Голебиовски Славко Ковачич и други. Учествува на повеке натпревари каде бележи големи успеси стекнувајки се со награди и признанија. Од 2010 е редовен проф. по кларинет во ДМУЦ "Сергеј Михајлов" –Штип. Води успешно менторирање на голем број ученици, на државните и меѓународните натпревари, каде што бележат бројни успеси.

...и како член во повеќе камерни ансамбли и оркестри:

...солистички концерт во рамките на Штипско културно лето,2013 концерт на ,,Балкан Дуо" во склоп на ,,Радовишко ...културно лето концерт - Балкан дуо, 2014 концерт со ансамблот Портал во рамки на Скопско лето ,2015, ...концерт во Велес Балкан дуо истата година настапува на целовечерен концерт на Марјан Јанкоски и ...ЦЛ-а со музичкиот состав Портал и Маријан Јанкоски ,,Песни на вевчанската душа" ...есенски музички свечености – Скопје,2019 има концерти во Полска и